# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАТРОНИКА (21424) НА ИНСТИТУТ ЗА МЕХАНИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 9.5.2023 година, за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област мехатроника (21424), и врз основа на Одлуката донесена на 37. седница на Наставно-научниот совет со број 02-643/2 одржана на 30.5.2023 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Златко Петрески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Виктор Гавриловски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Христијан Мицкоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање *асистент* во научната област *мехатроника* (21424), во предвидениот рок се пријави м-р Дејан Шишковски, дипл. маш. инж.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Дејан Шишковски, дипл. маш. инж., е роден на 27.9.1977 година во Скопје. Средно образование завршил во ЕТУЦ „Михајло Пупин“ – Скопје во 1996 година со одличен успех во сите четири години. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, на насоката мехатроника се запишал во учебната 2007/2008 година. Додипломските студии (240 ЕКТС) ги завршил во септември 2011 година, со просечен успех 8,62.

Во учебната 2012/2014 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје. Вториот циклус студии (60 ЕКТС) го завршил во јуни 2016 година со просек 10,00, со што се стекнал со звањето магистер на технички науки по машинство. На 11.6.2016 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Активна адаптивна контрола на вибрации на конзола со примена на електромагнетен актуатор“.

За време на своите додипломски студии, кандидатот бил студент помошник на предмети што ги покрива Институтот за механика. По завршувањето на своите магистерски студии, од 2016 до 2018 година работи како посебен советник на Министерот за Земјоделство, шумарско и водостопанство, сектор: информатички технологии. Од 2018 до 2020 година вработен е во компанијата „Метал Солутионс“ како менаџер на производство. Од 2020 година се запишува на докторски студии во Школата за докторски студии при УКИМ.

Кандидатот има доставено меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик, како и уверение за познавање на англиски јазик издадено од УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

Во моментот кандидатот е асистент на Институтот за механика при Машинскиот факултет во Скопје. Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет, кандидатот м-р Дејан Шишковски изведува вежби на прв циклус студии на предмети кои ги покрива Институтот за механика при Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатот е ангажиран со голем број часови за реализација на вежбите во секој семестар по следниве предмети: Микро електро-механички системи, Мерење и обработка на сигнали, Механика на роботи, Мехатронички системи, Принципи и апликации во мехатрониката.

Покрај тоа што кандидатот одлично ја извршува наставната дејност на Институтот, во текот на својата работа има објавено и 9 научни труда од областа на машинството и реализирано посета на повеќе семинари и меѓународни конференции.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Дејан Шишковски во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Според гореизнесеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Дејан Шишковски, дипл. маш. инж., да биде избран во соработничко звање **асистент** во научната област: мехатроника (21424).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Петрески, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Гаврилоски, с.р.**
**Проф. д-р Христијан Мицкоски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дејан Томислав Шишковски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Машински факултет, Институт за механика
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** МЕХАТРОНИКА *(*21424*)*

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
## За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,65. | ДА |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,65.<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 10,00. | ДА |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на анлиски јазик (CEFR, ниво Б2)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 5.5.2023 година. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Петрески, с.р.**
**Проф. д-р Виктор Гаврилоски, с.р.**
**Проф. д-р Христијан Мицкоски, с.р.**